# Соработник во Оддел за позадински обработки на платен промет, средства и ликвидност



**Станете дел од нашиот тим!**

## Што бараме:

- ВСС - од областа на економски науки;
- Работно искуство од најмалку 1 година во иста или слична област (искуство во банка или во финансиска институција ќе се смета за предност);
- Активно познавање MS Office;
- Познавање англиски јазик;
- Солидни комуникациски вештини и способност за тимска работа;
- Аналитичност и прецизност во извршување на работните задачи;
- Чесност, етичност и доверливост.

## Што нудиме:

- Почетна воведна обука, континуирано стручно усовршување и можност за професионален развој;
- Конкурентна плата, приватно здравствено осигурување и дополнителни надоместоци;
- Работа во пријатна атмосфера и динамична организациска средина.

## Дел од вашите работни активности:

- Реализација на налози во денарски платен промет, контрола на реализација на интерни налози и налози кои се реализираат преку КИБС и МИПС;
- Преземање, внесување и измена на курсна листа;
- Пресметка на дневни/месечни провизии за правни лица од трансакции во денарски платен промет;
- Администрирање на решенија за присилна наплата (прием, внес, контрола и извршување) и постапување по добиени стечајни решенија.

**Локација на работното место: Скопје**

**Веб-страница: www.ttk.com.mk**

**Рок за пријава: 15.6.2026 г.**

Испратете ни кратка биографија (CV), мотивациско писмо и копија од уверение за завршено образование со назнака: „Апликација за соработник во Оддел за позадински обработки на платен промет, средства и ликвидност“ на следната адреса за е-пошта: kariera@ttk.com.mk или преку веб-страницата на Банката www.ttk.com.mk, во полето „Вработување“. Ќе бидат контактирани кандидатите кои ќе влезат во потесен круг.

**Напомена:** Со доставувањето на вашата апликација за работа се согласувате вашите лични податоци наведени во апликацијата да бидат предмет на обработка од страна на Банката, за потребите на процесот на селекција на кандидати за целото времетраење на процесот, а по завршувањето на истиот, податоците може да се чуваат во базата на кандидати во Банката, во согласност со Законот за заштита на личните податоци. Оваа согласност може да ја повлечете во секое време, со доставување барање за истото на адресата за е-пошта: kariera@ttk.com.mk.

ТТК БАНКА